СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 19 број 12	Чешиново-Облешево 02.11.2023 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2023 до 30.09.2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2023 до 30.09.2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1812/1
01.11.2023 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2023 до 30.09.2023 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2023 до 30.09.2023 година, изготвен од страна на директорот ЈПКД „Облешево“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново – Облешево.

Бр.08-1805/1
01.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на

Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1811/1 Општина Чешиново-Облешево
01.11.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2023 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2023 година кој е прилог на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1804/1 Совет на
01.11.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2023 година , што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1810/1 Општина Чешиново-Облешево
01.11.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2023 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.- 30.09.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1803/1
01.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за одржување на ИСИ Чешиново, 2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за одржување на ИСИ Чешиново, 2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1809/1
01.11.2023 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Извештајот за одржување на ИСИ Чешиново, 2023 година

Член 1

Се усвојува писмениот Извештај за одржување на Илинденски Спортски Игри Чешиново 2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-08-1802/1
01.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево 2023/2024

1.Ја прогласувам Програмата за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево 2023/2024, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1813/1	Општина Чешиново-Облешево
01.11.2023 год.	Градоначалник
Облешево	Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 14 точка 8 од Законот за јавни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/2016) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево 2023/2024

ВОВЕД

Зимското одржување на локалните патни правци и улици на територијата на општина Чешиново-Облешево е од големо значење за жителите од сите населени места, бидејќи со истото се овозможува непречен проток на сообраќајот во зимски услови, а тоа е неопходно за нормално функционирање на сите области од животот на жителите од општината.

Временските непогоди во зимскиот период од годината се најчеста причина за нарушување на нормалниот проток на сообраќај, особено при несоодветна подготовка на надлежните органи.

За реализација на оваа Програма неопходно е да се обезбеди одговорен однос од сите надлежни органи, а особено од општината, со што ќе се овозможат поприфатливи услови за сообраќајот и рационално и економично извршување на Програмата. Особено е значајно тоа што ќе се создадат потребните услови за непречено одвивање на стопанските и други дејности.

1. Цел на Програмата

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Чешиново-Облешево за претстојниот зимски период 2023/2024 година преку:

- одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите, задолженијата и обврските на учесниците во реализацијата на оваа Програма.

2. Обем, динамика и ниво на одржување

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

- локални патишта и улици по соодветен приоритет, по тип на
коловоз по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот) до објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

Општина Чешиново-Облешево, во рамките на Програмата ги опфаќа следните локални патни правци чие одржување спаѓа во надлежност на општината:

-Локален пат од магистрален пат А3 до с.Уларци

-Локален пат од магистрален пат А3 до с.Чешиново

-Локален пат од магистрален пат А3 до с.Кучичино, с.Бурилчево

-Локален патен правец с.Чешиново - Соколарци (Врбица)

-Локален патен правец с.Жиганци до с.Новоселани и с.Лепопелци

-Локален патен правец Чешиново-Спанчево

-Локален пат од магистрален пат А3 до с.Чифлик

-Локален пат од магистрален пат А3 до с.Теранци

-Локален патен правец Облешево-Спанчево

-Локален патен правец Облешево-Бања

-Локален патен правец Уларци-Чешиново

-Улиците во самите населени места.

Патниот правец Бања-Спанчево-Соколарци-Жиганци и патниот правец Бурилчево-Кучичино-Теранци се регионални патни правци и зимското одржување е под надлежност на Македонија пат.

Како директен учесник во одржуавање на јавно-прометните површини на територија на општината ЈПКД „Облешево“ во контекст на припремата на Програмата за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево ќе изготви план за реализација кој што ќе предвидува соодветно одржување.

Под јавно-прометни површини се подразбираат површини по кои се движат пешаците и возилата и истите се оформени (со асфалт или коцка) кои се влезени во оваа програма за одржување, а неоформените улици (калдрма, земјени, чакал) не се предмет на разгледување на програмата и се со посебен третман во зависност од интересот помеѓу давателот и корисникот на услугата. Во зависност од оптеретеноста, местоположбата и важноста, јавно-прометните површини се поделени во неколку категории и тоа:

1.Патни правци со првостепен приоритет за чистење на снег:

Локален патен правец Теранци-А3

Локален патен правец с.Чифлик-А3

Локален патен правец Чешиново-А3

Локален патен правец с.Кучичино и Бурилчево –А3

Локален патен правец с. Уларци – А3

2.Второстепен приоритет се определува за патните правци помеѓу населени места:

Локален патен правец Спанчево – Облешево

Локален патен правец Облешево – Бање

Локален патен правец Чешиново – Соколарци

Споменатите населени места ќе имаат прооден излез на магистралниот пат преку правецот Жиганци-Тркање кој е под одржување на Македонија пат. Со тоа се смета дека на овие населени места им е овозможена основната патна комуникација.

3. Патни правци од третостепен приоритет кои ќе бидат чистени само во услови на подебели снежни покривки и блокираност од високи наноси:

Локален патен правец Жиганци – Новоселани – Лепопелци

4.Објекти од витално значење

Под објекти од витално значење се подразбират, зграда на Општината, зграда на Јавното Претпријатие, Образовни институции, Детски градинки, Амбуланти, Аптеки и Спортски објекти.

2.2. Ниво и динамика на одржување

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- локални патишта и улици од прв приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината;

- локални патишта и улици од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асвалтиран коловоз;

- локални патишта од трет приоритет по кој се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз.

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кој се одвива сообраќајот.

Дежурството се обезбедува континуирано во зимскиот период.

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го спроведуваат вработените од ЈПКД „Облешево“ на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана механизација и работна сила, и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

ЈПКД „Облешево“ зимското одржување на локалните патишта и улици ќе го извршува со своја механизација.

Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши предпријатието на кое му е доверена работата, по предходна согласност од надзорниот орган назначен со Решение од Градоначалникот, а по налог на Нарачателот.

3.Активности за спроведување на Програмата

Активностите кои ќе бидат превземани заради непречено, безбедно и нормално одвивање на сообраќајот се следните:

-чистење на наноси од снег, земја, песок и сл.

-посипување на патиштата и улиците со сол и песок заради спречување на појава од голомразица и сл.

-поставување на еластична ограда (браници) на опасни кривини.

Сите активности ќе бидат спроведени периодично - по потреба во зависност од временските услови.

Правните лица кои имаа деловни објекти на територија на општината, училиштата, детската градинка, и граѓаните сопственици или корисници на згради и простории (продавници, ресторани, кафе барови и друго) превземаат мерки за чистење на снегот пред своите објекти.

Граѓаните, сопственици на индивидуални станбени објекти, го чистат снегот и голомразицата од тротоарите и приодните места пред своите станбени објекти.

4.Финансирање

Општина Чешиново-Облешево ќе склучи Договор со ЈПКД „Облешево“ за зимско одржување.

За оваа намена во Буџетот на општина Чешиново-Облешево се предвидени средства во износ од 200.000,оо денари од кои за ангажирање на механизација за чистење на патиштата и улиците 120.000,оо денари и 80.000,оо денари за обезбедување на сол, песок и сл. Средствата предвидени за зимско одржување можат да бидат зголемени доколку временските услови бидат неповолни и се јави дополнителна потреба за оспособување на патиштата за безбедно одвивање на сообраќајот на патиштата. Трошењето на средствата ќе биде во зависност од превземените активности. Плаќањето ќе се врши по ситуации, прегледани и одобрени од страна на надзорот.

За извршената работа се составува работна книга која што се доставува до Општина Чешиново-Облешево за заверка од Надзорен орган, а потоа се доставува ситуацијата за извршена работа до Општината.

ЈПКД „Облешево, на кое му е доверена работата за зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Чешиново-Облешево, располага со следната механизација и работна сила:

- комбиниран ровокопач – натоварувач со елементи за зимско чистење (даска за чистење на снег);
- трактор;
- вработени – општи работници

Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши претпријатието на кое му е доверена работата, по предходна

согласност од надзорниот орган, а по налог на нарачателот.

5.Преодни и завршни одредби

Зимското одржување на локланите патишта и улици на територијата на општина Чешиново-Облешево кои не се предвидени со оваа Програма ќе се врши само во исклучителни случаи и со посебен налог од нарачателот.

Покрај опишаните права и обврски во Програмата општина Чешиново-Облешево има право да ја користи целокупната расположива механизација и човечки ресурси од ЈПКД „Облешево“, кои се неопходно потребни при разни околности согласно Законот за заштита и спасување и Планот за заштита и спасување на општина Чешиново-Облешево

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1806/1 Совет на
01.11.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1808/1 Општина Чешиново-Облешево
01.11.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), а во согласност со Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2022) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена и дополнување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево

Член 1

Во Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево бр.08-389/1 од 24.02.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2023) се вршат следните измени и дополнувања:

-Член 1, точка 1 се менува и гласи: 1.„Работно ангажирање на сезонски работници – општи работници, 5 (пет) извршители.'

-Член 2 се менува и гласи „ Работното ангажирање на работниците од член 1 на оваа Одлука ќе трае во зависност од потребите за извршување на јавни работи, најмалку 1 (еден) месец но не повеќе од 8 (осум) месеци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1801/1
01.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година), што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1807/1
01.11.2023 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 21, став 1, точка 4 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)

Член 1

Се усвојуваат Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година), прилог на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1800/1
01.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1826/1 Општина Чешиново-Облешево
02.11.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 40 став 1, од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РСМ“ бр.32/20), и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (“Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден: 31.10.2023 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево

Член 1

Во Програмата за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 год.на подрачјето на општина Чешиново-Облешево бр.08-2109/1 од 17.11.2022 година (Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2022) бр. 08-1048/1 од 16.06.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2023) и бр.08-1576/1 од 22.09.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.11/2023) во поглавје АКТИВНИСТИ, точка Урбанистичко – проектна документација, во табелата за **„Разработување на Урбанистички план за село**“ се додава :

-во точка 1 Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 6 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево

- во точка 2 Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево

Член 2

Програмата влегува во сила од денот на нејзиното донесување, и истата ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Чешиново-Облешево“

Бр.08-1821/1 Совет на
02.11.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна

документација за 2024 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2024 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1827/1 Општина Чешиново-Облешево
02.11.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 40 став 1, од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РСМ“ бр.32/20), и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (“Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година донесе:

ПРОГРАМА
за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2024 годиина, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево

I. ВОВЕД

Урбанистичкото планирање е континуиран процес со кој се врши уредување и хуманизација на просторот, заштита и унапредување на животната средина и природата, како и зголемување на вредноста на земјиштето.

Во процесот на децентрализацијата, економскиот развој на општината зазема значајно место во надлежностите на локалната самоуправа.

Имајки во предвид дека општина Чешиново-Облешево е рурална општина потребно е во идниот период да се преземат мерки и насоки за економски развој на истата.

Како приоритет овде би произлегла потребата од развој на малото стопанство и лесната индустрија.

Поради ова, постојаните иницијативи од правни и физички лица и согледувањата на потребите на општината од урбаното планирање, а со цел да се овозможи изградба на индивидуални градби и стопански комплекси, согласно законските регулативи се изработи годишна програма за изработка на урбанистички планови, (за село), урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2024 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево.

За секоја конкретна изработка или измена и дополнување на Урбанистичките планови предвидени во Програмата ќе бидат донесени поединични Одлуки во кои ќе бидат детално опишани податоците и условите под кои ќе се спроведе изработката, односно измените и дополнувањата на УП.

II. АКТИВНОСТИ

Убанистички план за село

За селата на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за кои нема изработено урбанистички планови, потребно е да се изработат урбанистички планови за село согласно член 14 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20).

Во општина Чешиново-Облешево за 2024 година предвидена е изработка на УП за село за следните населени места:

Изработка на Урбанистички план за село

	Урбанистички план за село	
1	Урбанистички план за село Теранци	буџет на општина

2	Урбанистички план за село Кучичино	буџет на општина
3	Урбанистички план за село Бурилчево	буџет на општина
4	Урбанистички план за село Уларци	буџет на општина
5	Урбанистички план за село Жиќанци	буџет на општина
6.	Урбанистички план за село Лепопелци	буџет на општина
7.	Урбанистички план за село Новоселани	буџет на општина
8.	Урбанистички план за село Соколарци	буџет на општина
9.	Урбанистички план за село Бања	Буџет на општина
		Планови во постака
10.	УП за с.Спанчево	Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој
11.	Урбанистички план за Облешево	Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 6 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево
12.	Урбанистичли план за Чешиново	Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево
13.	Урбанистички план Чифлик	Разработка по блокови или градежна парцела

Убанистички план вон населено место

Со Програмата се предвидува изработка на урбанистички планови вон населено место по потреба за плански опфат, за подрачјето на општина Чешиново-Облешево кои не се опфатени со урбанистички планови, на локалитети од интерес за општината и локалитети на кои ке можат да бидат реализирани барања на заинтересирани физички и правни лица, прифатливи за општината.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот , како и условите за градење на комплекси и градби вон населени места.

Урбанистички план вон населено место	
Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2 Лесна и незагадувачка Индустрија во м.в.Св.Атанас КО Спанчево 1.10, 1.11, 1.13, 1.15, 1.16, 1.17, 1.18, 1.19, 1.21, 1.21, 1.22,1.23, 1.24 и 1.25 Е2 – комуналнасупраструктура ГП1.01, ГП1.02 ГП1.03 ГП1.04 ГП1.05 ГП1.06, ГП1.07 ГП1.08 и ГП1.09	**Буџет на општината Заинтерсирани правни и физички лица**
Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 комунална супраструктура – производство на електрична енергија –фотоволтаични панели на КП бр.1563 м.в	**Заинтерсирани правни и физички лица во постапка**

Прогон КО Чифлик ,општина Чешиново-Облешево	

Убанистички план вон населено место

Урбанистички план вон населено место во м.в.„Курија“КО Сококларци

Урбанистички план вон населено место во м.в.„Дрма“КО Сококларци

Урбанистички план вон населено место во м.в.„Шопка“КО Сококларци

Урбанистички план за вон населено место м.в„ Прстен“ КО Чифлик

Урбанистички план вон населено место во м.в„Горица“КО Соколарци

Урбанистички план вон населено место во м.в„Курилово“ КО Сколарци

Урбанистички план вон населено место во м.в„ Стара Река“КО Облешево

За КП 1354/1, П=66.167м2

Урбанистички план вон населено место во м.в„ Стара Река“КО Чифлик

За КП 1419 , П=65.000 м2

За КП 1419/1, П=69.310м2

За КП1419/3 ,П=1.414м2

За КП 1419/7, П=230 м2

КО Врбица

-КП 888 мв Голем Голак

КО Соколарци

-КП37 м.вГолак

-КП3 мв Мали Вршац

КО Спанчево вон град

КП117 мв Варварицал

КП282 мв Боговиште

КО Бања

КП1 м.в Грбава Чука

КП9 м.в Шугова Скала

КП 39 м.в Шугова Скала

Урбанистички проекти	
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3-Времено сместување на КП бр.3078/1 КО Бања, Општина Чешиново - Облешево	**Заинтерсирани правни и физички лица во постапка**

III

Програмата за изработка на урбанистички планови се финансира од буџетот на Општина Чешиново-Облешево и од заинтересирани правни и физички лица , чиј што програмски барања и подрачје на интерес се прифатливи за општината согласно член 41 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РСМ“ бр.32/20),

Заентисираните физички и правни лица, барателиза изработка на Урбанистички проекти, да уплатат 20.000,00 (дваеест илјади денари) на име „посебни трошоци во постапката“ кои ќе бидат наменети за исплата на надоместокот на членовите на Комисиите за урбанизам.

Реализацијата на плановите од Програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства од страна на општината и од заинтересираните правни и физички лица.

Средствата за изработка на урбанистички планови за 2024 год. Изнесуваат 5.000.000,00 денари.

Програмата може да се дополнува согласно планираните активности и настанатите потреби , како и позитивно одговорените барања на заинтересирани лица.

VI

Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево, а ќе се применува од 01.01.2024 год.

Бр.08-1822/1
02.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),

Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1829/1 Општина Чешиново-Облешево
02.11.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година

Член 1

Се дава согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети, на ООУ „Климент Охридски“ Облешево, за учебната 2023/2024 година.

Член 2

Динамиката на организирање на ученичките екскурзии и излети ја одредува училиштето.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1824/1 Совет на
02.11.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1828/1 Општина Чешиново-Облешево
02.11.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година

Член 1

Се дава согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети, на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци, за учебната 2023/2024 година.

Член 2

Динамиката на организирање на ученичките екскурзии и излети ја одредува училиштето.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1823/1
02.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства

1.Ја прогласувам Одлуката за одобрување на финансиски средства, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1825/1
02.11.2023 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства

Член 1

Се усвојува Барањето на Леон Трајанов од с.Чифлик за финансиска поддршка од 18.000.оо денари (осумнаесет илјади денари) како помош за припрема за натпревар во борење.

Барателот да достави доказ за наменски потрошени средства.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на сметка 250500024653509 Шпаркасе банка.

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година со индикативно планирање за 2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1820/1
02.11.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2023 до 30.09.2023 година.....1

2.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2023 до 30.09.2023 година.....1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2023 година.....1

4.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2023 година.....2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2023 година..... 2

6.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2023 година..... 2

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за одржување на ИСИ Чешиново, 2023 година..... 3

8.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за одржување на ИСИ Чешиново, 2023 година..... 3

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево 2023/2024..... 3

10. ПРОГРАМА за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево 2023/2024..... 4

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево..... 7

12.ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево..... 7

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)..... 8

14.ОДЛУКА за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)..... 8

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево..... 9

16.ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички Планови ,

Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево..... 9
17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2024 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево..... 9
18.ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2024 годиина, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево..... 10
19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година 13
20.ОДЛУКА За давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година 13
21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година 13
22.ОДЛУКА За давање на согласност на Планот и Програмата за изведба на екскурзии и посети на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година 14
23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства 14
24.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства 14
25.СОДРЖИНА..... 15

ПРИЛОГ: 1.Извештај за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-30.09.2023 година
2.Измена и дополнување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година – Втор Ребаланс